# CTC EcoAir 600M

## ТОПЛИНСКА ПУМПА ВОЗДУХ - ВОДА

### модел 610M-622M, 2.5-22 kW




CTC EcoAir 600M е ултра-ефикасна серија на воздух - вода топлинска пумпа со автоматско прилагодување на топлинската моќ согласно потребите. CTC EcoAir 600M е со можноста за работа на компресорот во различен опсег што овозможува постигнување на максимални заштеди.

CTC EcoAir 600 воздух - вода топлинска пумпа ја користи енергијата од воздухот за задоволување на потребите за греење и за подготовка на санитарна топла вода.

CTC EcoAir 600 е со режим за заштита од замрзнување што резултира со поголема топлинска моќ и подолг век на експлоатација. CTC EcoAir 600M стандардно е опремена со кондензен сад и грејач.

CTC EcoAir 600M се инсталира во комбинација со внатрешен модул CTC EcoZenith I350, CTC EcoZenith I250, CTC EcoVent I350 F или CTC EcoZenith I550 Pro или модул за контрола CTC Ecologic Pro/Family.

CTC топлинските пумпи се дизајнирани, патентирани и произведени во производна фабрика во Љунгбу во Шведска што овозможува целосна контрола за квалитет на производите.

## ПРЕДНОСТИ:

- Најдобра енергетска класа A+++
- Многу ниско ниво на бучавост
- Намалување на експлоатационите трошоци за греење до 80%
- Висок коефициент за искористување seasonal coefficient of performance (SCOP):SCOP of 4.9
- Температурен работен опсег при режим на греење до -22°C и температура на вода на излез од топлинска пумпа до 65 °C
- Можност за работа на компресор во различен опсег
- Можност за управување со паметен телефон и со CTC Connect +



# Контролни модули компатибилни со CTC EcoAir 610M-622M



### CTC EcoZenith i350

Внатрешен модул со ултра ефикасно затоплување на вода. Модулот е со иключиво добра изолација која ги сведува топлинските загуби на миниум. Внатрешниот модул е со вграден плочест топлински разменувач, дополнителен електричен грејач и вграден дивертирачки вентил (со можност за избор помеѓу режим подготовка на топла вода за санитарни потреби или подготовка на топла вода за греење).

Во производот е вклучена цирикулациона пумпа.

### CTC EcoZenith i250



Ултра ефикасен внатрешен модул со touchscreen и EnergyFlex. Погоден за истовремено користење на системи со различни температурни режим на работа (подно-ветилоконвектори, подно-радијатори, радијатори- венилоконвектори) благодарение на интегрираниот мешачки вентил во системот. Овој модул е со бакарни разменувачи кои овоможуваат кобинирање на системот со системи со други извори на енергија.

Во производот е вклучена цирикулациона пумпа.

### CTC EcoVent i350F

Ултра ефикасен внатрешен модул во комбинација со систем за вентилација.
Нов концепт за затоплување со простории со помош на воздух. Внатрешниот модул го контролира интегрираниот систем за вентилација и го прави поекономичен, посовремен и потивок.



### CTC EcoLogic Pro/Family

Модул за мониторинг и конторла. CTC EcoLogic Pro/Family контролира CTC топлински пумпи, дополнителени извори за затоплување во системот, резервоари за греење/ладење, базени итн.
CTC EcoLogic Pro/Family е со автоматска контрола и автоматски избор на режим за работа (поготовка на топла вода за затоплување и/ или топла вода за санитарни потреби)
Pro: Истовремена контрола на 10 CTC топлински пумпи и 4 различни системи за греење.
Family: Истовремена контрола на 2 CTC топлински пумпи и 2 различни системи за греење.

### TC EcoZenith i550 Pro

Акумулатор со интегриран контролен модул со можност за контрола до 3 топлински пумпи и 3 различни системи за греење. CTC EcoZenith i550 Pro во себе има интегриана контролна единица за контрола на соларен систем и два бакарни разменувачи.

CTC EcoZenith i550 Pro е со капацитет од поголем 600 l

